ООУ „Тихомир Милошевски“

# А К Ц И С К О   И С Т Р А Ж У В А Њ Е

## „Како организираната дополнителна настава и советувањето од страна на психологот влијаат врз ученичкиот успех и мотивацијата за учење“

Ирена Мирческа – психолог

Октомври, 2022

# Содржина

1. ВОВЕД ....................................................................................................3

1.1. Истражувачко прашање....................................................................4

2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ..............................................4

2.1. Цел на истражувањето ....................................................................4

2.2. Очекувани резултати ........................................................................4

2.3. Целна група ........................................................................................5

2.4. Техники и инструменти ....................................................................5

2.5. Опис на истражувачкиот метод ........................................................5

3. РЕЗУЛТАТИ И ЗАКЛУЧОЦИ ....................................................................6

3.1. Интерпретација на резултатите од прашалникот.............................6

3.2. Анализа на резултатите......................................................................7

3.3 Ограничувања на истражувањето.........................................................8

3.4. Заклучоци ............................................................................................8

4. ПРЕВЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ ВРЗ ОСНОВА НА РЕЗУЛТАТИТЕ........................9

5. ЗАКЛУЧОК..................................................................................................10

Прилог1..........................................................................................................11

## 1. ВОВЕД

Во ООУ „Тихомир Милошевски“ беше спроведено акционо истражување на тема „Дополнителна настава и ученички успех“ во периодот од септември до октомври 2021 година. Целната група на истражувањето ги опфати учениците од различни одделенија, со цел да се утврди нивното задоволство од постигнувањата, начинот на кој бараат помош при нејаснотии, како и нивното учество во дополнителна настава.

Зголемената потреба за поддршка во учењето, различните нивоа на мотивација кај учениците и предизвиците што произлегуваат од современиот наставен процес беа главни причини за избор на оваа тема. Истражувањето беше спроведено за да се добие реална слика за тоа како учениците ја доживуваат наставата, кои фактори влијаат врз нивниот успех и кои стратегии ги применуваат за подобрување на своите оценки.

Поимот „училишен успех“ опфаќа не само постигнување на високи оценки, туку и активност на часовите, редовност во извршување на домашните задачи, самостојност во учењето и способност за барање помош кога е потребно. Дополнителната настава, пак, претставува значаен механизам за поддршка на учениците, овозможувајќи им да ги надминат потешкотиите и да го зајакнат своето знаење.

Во рамките на ова истражување посебно внимание беше посветено на ставовите на учениците за:

- нивното задоволство од успехот,
- начинот на кој се справуваат со нејаснотии,
- улогата на наставниците во организирањето дополнителна настава,
- причините за нивните оценки и стратегиите за нивно подобрување.

Истражувањето даде насоки за наставниците, кои имаат клучна улога во поддршката на учениците. Тие беа охрабрени да промовираат култура на соработка, да обезбедуваат навремена помош и да поттикнуваат активност и мотивација кај учениците.

Успехот на учениците зависи од нивниот труд, но многу повеќе од средината во која учат и од поддршката што ја добиваат од наставниците и родителите. Токму поради ова, во нашето училиште се јави потреба од систематски пристап кон унапредување на ученичкиот успех преку анкетирање на учениците, анализа на нивните ставови и изработка на акционен план за подобрување на наставниот процес.

Ова акционо истражување е насочено кон:

- Подобрување на ученичкиот успех преку поттикнување на активноста и мотивацијата за учење
- Развивање на култура на поддршка и соработка меѓу учениците и наставниците
- Зголемување на квалитетот на наставата преку организирање и промоција на дополнителна настава

Воочениот проблем се однесува на недоволната активност на учениците за време на наставата и нивната ограничена вклученост во дополнителната настава, што директно влијае врз нивниот успех и мотивација за учење.

### 1.1. Истражувачко прашање

Врз основа на идентификуваните проблеми со недоволната активност на учениците и нивната ограничена вклученост во дополнителната настава, истражувањето се насочува кон следното прашање:

**Главно истражувачко прашање:**
Како дополнителната настава и советувањето од страна на психологот влијаат врз ученичкиот успех и мотивацијата за учење?

**Потпрашања:**
1. Како учениците ја доживуваат дополнителната настава?
2. Кои фактори најмногу влијаат врз нивниот успех (активност, домашни задачи, мотивација)?
3. Каква улога има психологот во поттикнување на редовност и активност кај учениците?
4. Дали индивидуалните советувања придонесуваат за подобрување на резултатите и редовноста во учењето?

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

### 2.1. Цел на истражувањето

Целта на акционото истражување е да се утврди реалната состојба со ученичкиот успех и учеството во дополнителна настава во ООУ „Тихомир Милошевски“, како и да се развијат и имплементираат активности кои ќе придонесат за негово унапредување. Истражувањето има за цел да создаде систематски пристап кон промоција на активноста на учениците, поттикнување на мотивацијата за учење и подобрување на наставниот процес.

### 2.2. Очекувани резултати

- Подобрена свесност кај учениците за значењето на редовното учење, активноста на час и барањето помош, кај најмалку 70% од учениците.
- Развивање на когнитивни и организациски компетенции кај учениците: самостојно учење, поставување цели, саморегулација и одговорност.
- Кај најмалку 60% од учениците се очекува зголемена мотивираност кај учениците преку активности кои ги поврзуваат наставните содржини со нивните интереси и секојдневие.

- Намалување на појави на пасивност, недоволна активност и избегнување на дополнителна настава.
- Подобрување на ученичкиот успех: ќе се забележи намалување на бројот на ученици со три или повеќе слаби оценки, како резултат на индивидуални советувања и редовно учество во дополнителна настава.
- Создавање позитивна училишна клима и култура на соработка меѓу учениците и наставниците. Учениците ќе покажат поголема подготвеност за соработка и барање помош, а наставниците ќе ја препознаат дополнителната настава како ресурс за поддршка.

**2.3. Целна група**

Во истражувањето беа опфатени 48 ученици од VI до IX одделение, со редовна присутност на наставата и различните нивоа на постигнувања.

**2.4. Техники и инструменти**

- Анкета: спроведена меѓу учениците за нивното задоволство од успехот, учеството во дополнителна настава и стратегиите за подобрување.
  Прашањата од анкетата се дадени во *Прилог 1: Прашалник за ученици*.
- Набљудување: следење на активноста на учениците на часовите и нивната вклученост во дополнителна настава.
- Документација: анализа на анкетните резултати и подготовка на акциски план за подобрување на ученичкиот успех.

**2.5. Опис на истражувачкиот метод**

Истражувањето е спроведено според принципите на акционо истражување, кое се карактеризира со систематичност, цикличност и примена во реална средина.

- Цикличен процес: Истражувањето се реализираше низ циклус кој опфати:
    1. Идентификација на проблемот
    2. Планирање активности
    3. Реализација на дополнителна настава и советувања
    4. Следење и анализа на промените
    5. Рефлексија и планирање идни чекори
- Активна вклученост: учениците и наставниците се третирани како соработници, а не само како испитаници.
- Примена во реална средина: сите активности се реализирани во училишниот контекст, што овозможи непосредна проверка на ефектите.
- Флексибилност: акцискиот план беше адаптиран врз основа на резултатите од анкетата и приоритетите на учениците, со можност за модификација на активностите во текот на процесот.

## 3. РЕЗУЛТАТИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### 3.1. Интерпретација на резултатите од прашалникот

**Прашање бр.1: Дали си задоволен од твојот училишен успех?**

Од анкетата се гледа дека учениците се поделени:

- 30 ученици (63%) изјавиле дека се задоволни.
- 17 ученици (35%) сметаат дека имаат простор за подобрување.




**Прашање бр.2: Доколку имам нејаснотии, се обраќам на наставниците, и барам помош. Објасни што правиш во такви ситуации?**

Најчесто учениците се обраќаат кај наставниците за објаснување, а дел од нив бараат помош од родители или врсници. Мал број се обидуваат самостојно да ги совладаат потешкотиите.

- 38 ученици (79%) најчесто бараат помош од наставници.
- 6 ученици (12%) се обраќаат кај родители или врсници.
- 4 ученици (9%) се обидуваат самостојно да ги совладаат потешкотиите.
- 


**Прашање бр.3: Дали наставниците организираат дополнителна настава?**

Поголемиот дел од учениците потврдуваат дека наставниците организираат дополнителна настава, но само дел од нив ја посетуваат.

- 46 ученици (96%) потврдиле дека наставниците организираат дополнителна настава.
- 2 ученици (6%) изјавиле дека не забележале таква активност.




**Прашање бр.4: Дали одиш на дополнителната настава?**

- 20 ученици (42%) ја посетуваат дополнителната настава
- 28 ученици (56%) не ја посетуваат дополнителната настава




**Прашање бр.5: По кои предмети си бил/а на дополнителна настава оваа учебна година?**

Одговорите покажуваат дека учениците најчесто посетувале дополнителна настава по следните предмети:

Математика – 65% од учениците
Македонски јазик – 40%
Англиски јазик – 25%

Хемија – 15%
Физика – 10%
Други предмети (географија, француски јазик и сл.) – поединечни случаи




**Прашање бр.6: Наведи на што се должат твоите оценки на тримесечие?**

- 28 Активност на час и редовност во домашни задачи – 30 ученици (62%)
- Онлајн наставата придонела за потешкотии – 12 ученици (25%)
- Личен труд и мотивација – 6 ученици (13%)



**Прашање бр.7: Наведи на што се должат твоите оценки на тримесечие?**

- Повеќе учење – 28 ученици (58%)
- Поголема активност на часовите – 12 ученици (25%)
- Редовно пишување домашни задачи – 6 ученици (13%)
- Барање помош од наставници – 2 ученици (4%)




## 3.2. Анализа на резултатите

Анкетата со 48 ученици даде јасна слика за состојбата со ученичкиот успех и учеството во дополнителната настава. Резултатите покажуваат дека повеќе од половината ученици (63%) се задоволни од својот успех, но значаен дел (35%) сметаат дека имаат простор за подобрување, што укажува на потреба од систематска мотивациска поддршка.

Најголем дел од учениците (79%) бараат помош од наставниците при нејаснотии, што ја потврдува нивната улога како главен извор на поддршка. Сепак, само 37% од учениците редовно ја посетуваат дополнителната настава, иако 88% потврдиле дека таа е организирана. Ова укажува на недоволна искористеност на ресурсите и потреба од подобра промоција и охрабрување

Дополнителната настава најчесто се посетува по математика (65%), македонски јазик (40%) и англиски јазик (25%), што покажува дека најголемите потреби се во предметите кои традиционално се сметаат за потешки.
Факторите за успех најчесто се поврзани со активност на час и редовност во домашни задачи (62%), но четвртина од учениците (25%) наведуваат дека онлајн наставата им создала потешкотии. Стратегиите за подобрување најчесто се насочени кон повеќе учење (58%) и поголема активност на час (25%), додека мал дел (4%) планираат да бараат помош од наставници, што покажува дека учениците ретко ја користат оваа можност.

Резултатите покажуваат дека учениците ја препознаваат важноста на трудот, активноста и редовноста, но дел од нив имаат потешкотии со мотивацијата и не ја користат доволно дополнителната настава. Наставниците се главен извор на помош, но потребно е да се зајакне комуникацијата и промоцијата на дополнителната настава, како и да се охрабрат учениците да ја гледаат како можност за успех, а не како обврска.

### 3.3.. Ограничувања на истражувањето

Истражувањето беше спроведено во релативно краток временски период (септември–октомври), што значи дека резултатите претставуваат моментална состојба и не овозможуваат целосна проценка на долгорочните ефекти од преземените активности.

Примерокот опфати 48 ученици од едно училиште, па затоа добиените резултати не можат целосно да се генерализираат за поширока популација на ученици. Сепак, тие даваат важни насоки за состојбата во конкретниот контекст.

Методот на прибирање податоци беше анкетен прашалник, кој се базира на само-пријавени ставови на учениците. Овој пристап може да внесе субјективност, бидејќи дел од учениците можеби дале одговори кои сметаат дека се „пожелни“, а не секогаш целосно искрени.

Истражувањето се насочи кон ограничен број фактори – активност на час, посетеност на дополнителна настава и мотивација. Не беа опфатени други можни влијанија врз ученичкиот успех, како што се семејната средина, психосоцијалните услови или индивидуалните способности на учениците.

Дополнително, дел од учениците наведоа дека онлајн наставата им создала потешкотии, што значи дека резултатите се делумно условени од специфичниот контекст на наставниот процес во тој период.

### 3.4. Заклучоци

Задоволство од успехот: Бидејќи 35% од учениците сметаат дека имаат простор за подобрување, потребно е да се организираат мотивациски работилници и индивидуални советувања за поддршка на нивната самодоверба и развој на стратегии за учење.

Барање помош: Со оглед на тоа што 79% од учениците се обраќаат кај наставниците при нејаснотии, наставниците треба да продолжат да ја зајакнуваат оваа улога, а психологот да воведе активности за развој на самостојни техники за учење кај учениците кои се потпираат само на надворешна помош.

Дополнителна настава: Иако 88% потврдиле дека наставниците ја организираат, само 37% ја посетуваат редовно. Ова укажува на потреба од промоција и охрабрување за редовно учество, особено кај учениците со повеќе слаби оценки.

Предмети со најголема потреба: Дополнителната настава најчесто се посетува по математика (65%), македонски јазик (40%) и англиски јазик (25%). Ова бара засилена поддршка и координација со наставниците по овие предмети, бидејќи токму тука учениците имаат најголеми потешкотии.

Фактори за успех: Повеќето ученици (62%) ги поврзуваат оценките со активност и редовност, но 25% наведуваат дека онлајн наставата им создала потешкотии. Потребно е да се воведат активности за подобра организација на времето и адаптација на наставните практики за надминување на последиците од онлајн наставата.

Стратегии за подобрување: Учениците најчесто предлагаат повеќе учење (58%) и поголема активност на час (25%), но само 4% планираат да бараат помош од наставници. Ова укажува дека треба да се охрабрат да ја користат наставничката поддршка и дополнителната настава како ресурс за успех.

## 4. ПРЕВЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ ВРЗ ОСНОВА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Врз основа на добиените резултати од анкетата, беа спроведени конкретни активности насочени кон подобрување на ученичкиот успех и поттикнување на редовно учество во дополнителната настава.

| Активност | Резултат од анкетата | Опфатени ученици | Реализација | Очекуван ефект |
|---|---|---|---|---|
| **Индивидуални советувања** | 44% од учениците сметаат дека имаат простор за подобрување; дел имаат 3+ слаби оценки | 18 ученици | Реализирани 18 индивидуални средби | Подобрена редовност, саморегулација и мотивација |
| **Промоција на дополнителна настава** | Само 37% ја посетуваат редовно | Сите ученици VII–IX | Информативни сесии и групни разговори Јавна објава на термини за дополнителна настава- веб страна, фб страна, групи на | Зголемена посетеност и подобро совладување на материјалот информираност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ученици и родители | |
| **Мотивациски активности и нови пристапи** | Недоволна активност на час (44%) | Ученици од VII–IX | 2 работилници со практични примери и интерактивни задачи | Поголема активност и учество на час |
| **Соработка со наставниците** | Наставниците препознаени како главен извор на помош (79%) | Наставнички и одделенски совет Класен раководител | Координација со наставниците за промоција на дополнителната настава | Усогласена поддршка и позитивна училишна клима |
| **Следење и евалуација** | Потреба од континуирана проверка | Сите ученици VI–IX | Преглед статистика на секое тримесечје | Проценка на ефектите и адаптација на активностите |

Со овие активности се поставува основа за систематско подобрување на ученичкиот успех и создавање позитивна училишна клима каде што дополнителната настава се доживува како поддршка и можност за напредок. Активностите беа реализирани во период од еден месец, што не овозможува целосна проценка на долгорочните ефекти, но поставуваат добра основа за понатамошно следење и развој.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Акционото истражување спроведено во ООУ „Тихомир Милошевски" ја потврди важноста на систематски пристап кон унапредување на ученичкиот успех и редовното учество во дополнителната настава. Резултатите од анкетата укажаа на три клучни предизвици: недоволна активност на час, нередовно учење и ограничена искористеност на дополнителната настава.

Преземените активности – индивидуални советувања со ученици со повеќе слаби оценки, промоција на придобивките од дополнителната настава, мотивациски работилници и координација со наставниците – покажаа позитивни ефекти. Учениците демонстрираа зголемена свесност за значењето на трудот и активноста, поголема подготвеност за барање помош и постепено препознавање на дополнителната настава како ресурс за успех, а не како обврска.

Улогата на психологот се потврди како клучна во процесот: преку советувања, мотивациски активности и поддршка за саморегулација се создаде основа за подобрување на ученичкиот успех и развивање на позитивна училишна клима.

Сепак, истражувањето има ограничувања – краток временски период на реализација и примерок од 48 ученици – што не овозможува целосна проценка на долгорочните ефекти. Поради тоа, потребно е континуирано следење, повторни анкети и адаптација на активностите според реалните потреби на учениците.

Заклучно, акционото истражување покажа дека унапредувањето на ученичкиот успех и промоцијата на дополнителната настава е континуиран процес кој бара постојана мотивација, поддршка и соработка меѓу учениците, наставниците и психологот.

**Прилог 1: Прашалник за ученици**

1. Дали си задоволен од твојот училишен успех во првото тримесечие од оваа учебна година?
    - Да
    - Не
    - Не сум загрижен/а
2. Доколку имам нејаснотии, се обраќам на наставниците, и барам помош.

    (отворено прашање)

3. Дали наставниците организираат дополнителна настава?
    - Да
    - Не
    - Не сум забележал/а
4. Дали одиш на дополнителната настава?
    - Да
    - Не
5. По кои предмети си бил/а на дополнителна настава оваа учебна година?
    - Математика
    - Македонски јазик
    - Англиски јазик
    - Француски јазик
    - Историја
    - Географија
    - Биологија
    - Природни науки
    - Хемија
    - Физика
    - Информатика
    - Етика
    - Граѓанско образование

- Ликовно
    - Музичко
    - Иновации
    - Физичко
6. Наведи на што се должат твоите оценки на тримесечие?
    - (отворено прашање)
7. Што можеш да направиш за да ги поправиш твоите оценки? Објасни што ќе превземеш?
    - (отворено прашање)

Ирена Мирческа
Психолог
ООУ "Тихомир Милошевски"